Врз основа на членовите 86 и 94, точка 35 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 125 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 15. седница одржана на 30.11.2021 година, го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**
**за Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**1. Општа одредба**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат составот, организацијата, делокругот и начинот на работа на Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Центарот за кариера).

**2. Статус и состав**

**Член 2**

Центарот за кариера е внатрешна организациона единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот), без својство на правно лице, која ја сочинуваат центрите за кариера на единиците на Универзитетот.

Центрите за кариера на единиците се составни делови на Центарот за кариера на Универзитетот.

Единиците кои немаат центар за кариера имаат одговорно лице кое ги врши работите од делокруг на Центарот за кариера.

Во правниот сообраќај, Центарот за кариера на единицата истапува под називот на единицата и во име и за сметка на единицата.

**3. Организација**

*Совет на Центарот за кариера*

**Член 3**

На ниво на Универзитетот се формира Совет на Центарот за кариера.

Советот го сочинуваат: раководителот на Центарот за кариера, координаторите на центрите за кариера од член 4 на овој Правилник и 2 (двајца) претставници на студентите.

Раководителот на Центарот за кариера се назначува од страна на ректорот на Универзитетот, од редот на лица избрани во наставно-научни и научни звања кои имаат повеќегодишно искуство во управување со соодветен центар за кариера на единицата.

Мандатот на раководителот и на членовите од редот на лицата избрани во наставно-научни и научни звања трае 3 години, со право на повторен избор.

Мандатот на студентите трае 2 години.

**Член 4**

Советот соработува со центрите за кариера на единиците преку претставниците (координаторите) од член 5 од овој Правилник.

*Заеднички координатор*

**Член 5**

Центрите за кариера на единиците кои припаѓаат на исто научно подрачје (научно поле од прво ниво), во рамките на Центарот за кариера на Универзитетот, се застапуваат од заеднички координатор, кој го назначува ректорот, на предлог на деканите/директорите од соодветното научно подрачје.

Координаторот од став 1 на овој член ги координира активностите на центрите за кариера на едииниците од соодветното подрачје и ги усогласува нивните активности со активностите на раководителот на Центарот за кариера.

**Член 6**

Научните подрачја, односно научни полиња од прво ниво од член 5, став 1 се:

1. природно-математички науки
2. техничко-технолошки науки
3. медицински науки и здравство
4. земјоделски и ветеринарни науки
5. општествени науки

6. хуманистички науки.

## 4. Делокруг на Центарот за кариера

**Член 7**

Центарот за кариера, во рамките на своите надлежности, ги врши следните работи:

- подготвува Стратегија за развој на Центарот за кариера со Акционен план и буџет;
- организира практиканство и прв пристап на студентите до пазарот на труд и вмрежување;
- организира работилници за кариерно советување и развој на бихејвиорални вештини;
- развива маркетинг-план за промоција на Универзитетот и дипломците пред бизнис-заедницата и врши вмрежување;
- развива систем за воспоставување на Алумни-асоцијација на Универзитетот и води евиденција за поранешните студенти (алумни);
- им помага на студентите при добивање на информации за нивно кариерно планирање, кариерен развој, професионална обука и кариерно советување;
- организира Отворени денови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со цел да ги запознае идните студенти со можностите за студирање на Универзитетот;
- соработува со одборите за соработка и доверба со јавноста;
- врши истражувања на пазарот на трудот;
- врши и други работи од делот на кариерното советување.

*Стратегија, Акционен план и буџет*

**Член 8**

Центарот за кариера носи стратегија за развој на Центарот за кариера со оперативна програма и буџет, за период од 3 години.

Акциониот план на Центарот за кариера содржи таксативно наведени активности, носители на активностите, временска рамка за нивно спроведување и буџети за реализација на активностите.

Стратегијата и Акциониот план од ставовите 1 и 2 на овој член, по предлог на Советот, се донесуваат од страна на Сенатот.

Врз основа на Стратегијата и Акциониот план, Советот донесува планови и програми, одлуки, упатства и други акти неопходни за нивна реализација.

Советот донесува деловник за неговата работа.

*Практикантство и вмрежување*

**Член 9**

Центарот за кариера организира практикантство заради стекнување работно искуство на студентите во компанија, установа или друга форма на организација во определен временски период.

Практикантството се организира во реалниот сектор, овозможувајќи им на студентите: покрај со теоретското, да се стекнат и со практично знаење и вештини, но и со можност за вмрежување; полесно вработување по завршување на високото образование, како и заштита на студентите и нивните права во периодот на практикантството.

Вмрежувањето (Networking) ќе ги поддржува студентите да стигнат полесно до прво вработување, преку отворање на можности за практикантство, како и да креира активности за континуирана интеракција и можности за добивање повеќе информации потребни за нивниот развој.

*Работилници за кариерно советување и развој на бихејвиорални вештини*

**Член 10**

Центарот за кариера организира работилници (Workshops) за кариерно советување, кои се спроведуваат од компетентни професионалци кои го презентираат и го споделуваат своето знаење и искуство на одредени теми или за развој на одредени компетенции и вештини поврзани со подготовка на студентите за прво вработување.

Тоа вклучува презентации и споделување на знаење, но во исто време овозможува простор за дискусии, интеракција помеѓу учесниците, отворање или креирање на дебати на одредена тема и сл.

Работилниците се организираат преку имплементација на модули за:

- подготовка на студентите за прво вработување;
- подготовка на студентите за прво интервју за работа;
- обука за основни бихејвиорални компетенции;
- Induction Program (Програма за воведување во работа);
- интерактивна обука за споделување на знаење со студентите во текот на наставно-образовните процеси од практична перспектива преку предавања од страна на гостин/ предавач на актуелни теми.

*Маркетиншки и комуникациски план*

**Член 11**

Советот на Центарот за кариера предлага комуникациски план за промоција на Универзитетот во земјата и во странство во делот на кариерата, организира средби со алумни-асоцијациите, воспоставува соработка со трговски друштва, државни институции, владини и невладини организации, стопански комори и други субјекти. Исто така, иницира и обука на кариерни советници за организирано и систематско подигнување на капацитетите на кариерните центри и други работи од надлежност на кариерниот развој.

Со маркетинг-планот, Советот на Центарот за кариера врши мапирање на комплекс од активности за претставување на Универзитетот и неговите единици, како и креирање на промотивна маркетинг-кампања за целните групи.

Маркетинг-планот се изработува во форма на оперативен документ, кој ги детерминира активностите и временска рамка на имплементација, комуникациските канали и буџетите. Секоја активност и комуникациски канал (социјални медиуми, промоции и сл.) од маркетинг-планот треба да се наменети за специфична целна група.

*Алумни*

**Член 12**

Центарот одржува база на податоци за дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на Универзитетот, која вклучува информации за нивниот професионален развој и тековната позиција.

Базата на податоци периодично се ажурира.

Регистрацијата во алумни-базата се врши преку iKnow-системот на Универзитетот со пополнување на електронски алумни-образец, од страна на дипломирани, магистрирани и докторирани студенти.

Центарот може да основа Алумни-клуб на Универзитетот и да организира конференции и други настани.

*Кариерно советување*

**Член 13**

Центарот за кариера обезбедува кариерно советување и професионално ориентирање за студентите на Универзитетот во сите циклуси на студии. Центарот активно ги промовира услугите за кариерно советување меѓу студентите на Универзитетот и ги стимулира студентите да ги искористат предностите на овие услуги уште во раната фаза на студирање. Центарот обезбедува настани и обуки за кариерно советување и професионална ориентација во рамките на однапред планирани сесии за консултација, спонтани средби иницирани од студентите, курсеви за кариерно планирање, специјализирани настани како отворени денови, денови за кариера, едукативни презентации и слично.

**Член 14**

Во рамките на услугите за кариерното советување, Центарот ги обучува студентите како да ги подобрат своите комуникациски и презентациски вештини со цел успешно претставување на интервју за работа и обезбедува практична помош за апликантите при подготовка на портфолио за способноста и работното искуство.

Услугите за кариерно советување и професионална ориентација, кои Центарот за кариера ги нуди, им помагаат на студентите на Универзитетот да направат свој кариерен избор врз основа на прецизно и постепено себеспознавање и стекнување познавања во светот на реалниот бизнис.

Центарот за кариера им помага на студентите да формулираат краткорочни и долгорочни професионални цели и ги охрабрува да бараат и да проучуваат активни можности за развој на кариерата преку практични согледувања, практики во деловната заедница, учење во реална работна средина и други слични кариерни активности.

Центарот за кариера обезбедува соодветно советување за кариера за студентите со попреченост.

Центарот одржува база на податоци со информации за компаниите, работодавачите и позициите по сектори и региони.

*Отворен ден на Универзитетот и Денови на кариера*

**Член 15**

Центарот за кариера ги организира активностите за претставување на факултетите и институтите на Универзитетот пред средношколците кои се потенцијални студенти на Универзитетот.

Одлука за Отворен ден на Универзитетот донесува Ректорската управа.

Центарот за кариера организира активности за претставување на дипломците пред бизнис-заедницата и потенцијалните работодавачи.

*Соработка со одборите за соработка и доверба со јавноста*

**Член 16**

Заради приближување на наставните програми до потребите на пазарот на трудот, Центарот за кариера ќе остварува делотворен дијалог помеѓу Универзитетот, претставници на работодавачите, стопанските комори и установите надлежни во сферата на високото образование.

*Истражувања на пазарот на трудот*

**Член 17**

Спроведувањето на истражувања на потребите на пазарот на трудот е со цел да се собираат информации за насоките во кои се движи пазарот на трудот и потребите од специфични професии.

## 5. Начин на работа на Центарот за кариера на Универзитетот

**Член 18**

При спроведувањето на своите активности, Центарот за кариера на Универзитетот соработува со единиците на Универзитетот, со академскиот кадар, со Универзитетското студентско собрание, трговските друштва, државните и јавните институции, здруженијата, фондациите, стопанските и другите комори и со други субјекти.

Центарот воспоставува и одржува врски со други центри за кариера, во земјата и во странство.

Центарот одржува контакти и обезбедува информации за проекти, програми, натпревари и други иницијативи со Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко оштество и администрација, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и регионалните служби за вработување, како и други министерства и институции.

**Член 19**

Центарот подготвува информации за активностите и услугите на Центарот, преку печатени изданија, брошури, публикации во електронски медиуми, во изданија на Универзитетот, усни презентации, лични консултации и програми за водство. Активностите кои Центарот ги остварува, се насочени кон четирите структурни сегменти.

Центарот користи информатички и комуникациски технологии за да ги следи современите текови за развој на кариерата.

Со цел подобро информирање за активностите кои се преземаат, Центарот користи електронски технологии, веб-

страница, социјални мрежи, универзитетско радио, како и локални и национални електронски и печатени медиуми.

**Член 20**

Во рамките на Центарот има психолошко советувалиште кое им помага на студентите во стратегиите на учење во студирањето, унапредувањето на менталното здравје на студентите, развивањето на здрави животни стилови, негувањето на отпорност, помагањето во разрешување на актуелните и развојните проблеми, како и во тешкотиите кои потекнуваат од социјалната средина (конфликти со родителите, учење на партнерски односи итн.).

**Член 21**

Студентите и членовите на алумните на Универзитетот имаат можност да волонтираат во Центарот.

Волонтирањето се реализира во согласност со потребите на Центарот и може да биде во траење до 3 месеци во текот на академската година. За време на волонтирањето, волонтерите немаат право на паричен надомест, но добиваат сертификат за реализираното волонтирање.

**Член 22**

Раководителот на Центарот, координаторите и советниците во центрите за кариера може да посетуваат обуки, работилници, семинари и конференции, со цел нивно стручно усовршување и следење на новите текови.

**Член 23**

За потребите на Центарот се обезбедува канцеларија, простор за обуки и соодветна опрема, кои на Центарот му обезбедуваат можност за спроведување на активностите од негова надлежност.

**Член 24**

Финансирањето на Центарот се врши од средства на Универзитетот и единиците.

Центарот може да се финансира и со средства од донации, спонзорства и средства од европски и домашни проекти.

**Член 25**

Покрај студентите на Универзитетот, пристап до услугите на Центарот имаат и учениците од средните училишта.

**6. Преодни и завршни одредби**

**Член 26**

Со влегувањето во сила на Овој Правилник, престанува да важи Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 250/2013).

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**